„Дуњалукот е затвор за верникот, а Џенет за неверникот.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Дуњалукот е затвор за верникот, а Џенет за неверникот.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека животот на овој свет за верникот е како затвор, бидејќи е должен да ги исполнува шеријатските обврски – да ги извршува наредбите и да се воздржува од забраните. Со смртта, тој се ослободува од тие ограничувања и преминува кон вечнато насладуваше што Аллах му ја подготвил. Додека за неверникот, овој свет е како Џенет – живее без ограничувања, според своите желби и страсти. Но, кога ќе настапи смртта, преминува кон трајната казна што Аллах му ја подготвил на Судниот ден.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3584